# „Жената не патува растојание кое се поминува за два дена, ако не е придружувана од мажот или од махрем

Ебу Сеид ел Худри, радијаллаху анху – кој учествуваше во дванаесет битки заедно со Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, вели: Слушнав четири работи од Аллаховиот пратеник, алејхи селам, и многу ми се допаѓаат: „Жената не патува растојание кое се поминува за два дена, ако не е придружувана од мажот или од махрем. Нема постење на два дена: Фитр и Курбан Бајрам. Нема намаз од мугрите додека Сонцето не излезе потполно, ниту од попладне (икиндија) до зајдисонце. Не се патува со намера освен кон три џамии: Месџидул Харам во Мека, Месџидул Акса во Ерусалим и оваа џамија (во Медина).“

[صحيح] [متفق عليه]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, забранил четири работи. Прво: ѝ забранил на жената да оди на патување подолго од два дена без нејзиниот сопруг или махрем. Махрем на жената е секој маж од нејзините роднини со кои ѝ е трајно забрането да стапи во брак. Второ: го забранил постот на денот на Фитр Бајрам и Курбан Бајрам, без разлика дали некој дал завет дека ќе пости во тие денови, доброволно или како откуп за некој прекршок. Трето: забранил доброволен намаз да се клања по икиндија намаз до зајдисонце и од мугрите (времето кога се клања сабах) до изгрејсонце. Четврто: забранил и патување кон некое место за кое сметаме дека има посебна вредност и дека во него се умножуваат добрите дела, освен ако се работи за овие три џамии. Затоа не се патува заради клањање намаз сметајќи дека повеќекратно ќе бидеме наградени за тој намаз, освен во овие три џамии: Месџидул-Харам (Мека), Ел Месџидун-Небевиј (Медина) и Месџидул-Акса (Ерусалим).



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee